Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за дигитална
трансформација
Ministria ...
Бр. - Nr 09-16...
28.07.2020 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија
Министерство за дигитална трансформација

| ПРОЦЕДУРА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НЕРУЛАРНОСТИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на документ** | ИМС.ССП.06 | | **Ревизија** | 01 | |
| **Тип на документ** | ПРОЦЕДУРА | | **Дата на усвојување** | | |
| **Класификација** | | | за внатрешна употреба | | |
| **Оригинал** | X | Контролирана копија | | Информационен | |

# ПРОЦЕДУРА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НЕРЕГУЛАРНОСТИ

| | Изработил: | Контролирал: | **Одобрил:** |
|---|---|---|---|
| Име | Марјан Патлиџанковски | Гордана Клинчарова | **Стефан Андоновски** |
| Потпис | | | |
| Раб. место | Раководител на сектор за дигитални вештини и иновации | Државен секретар | **Министер за дигитална трансформација** |
| Дата | | | |

| **Тековна верзија на документот:** | | | |
|---|---|---|---|
| Ревизија бр. | Креирана од (Име / должност) | Датум | Промени |
| | | | |

| **Регистрирање на претходните промени во документот:** | | | |
|---|---|---|---|
| Ревизија бр. | Креирана од (Име / должност) | Датум | Промени |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Врз основа на член 55, став (1) од Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24) и Политиката за интегритет на Министерството за дигитална трансформација согласно стандардот ИСО 37001, министерот за дигитална трансформација донесува

## ПРОЦЕДУРА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА СОМНЕВАЊЕ ЗА ПОТКУП И ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИТЕ

Оваа Процедура е составен дел на Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите 02-2160/1 од 24.11.2025 година

### Цел

Целта на оваа процедура е да обезбеди јасни, безбедни и достапни механизми за пријавување на сомневање за поткуп, корупција, судир на интереси, повреда на антикорупциските политики и процедури, како и слабости во системот за спречување на поткуп во Министерството за дигитална трансформација (понатаму Министерството).

Процедурата има за цел да поттикне организациска култура на интегритет, транспарентност, отчетност и нулта толеранција кон поткуп.

### Опсег

Одредбите од оваа процедура се однесуваат на:

- министерот;
- заменик министерот;
- државниот секретар;
- административните службеници;
- вработените;
- надворешно ангажираните лица;
- практикантите и волонтерите;
- добавувачите, консултантите и другите деловни партнери.

Подносителот на пријавата може да се пријави за:

- барање поткуп;
- нудење поткуп;
- ветување поткуп;
- давање поткуп;

- примање поткуп;
- посредување при поткуп;
- злоупотреба на службена положба;
- судир на интереси;
- незаконито влијание врз донесување одлуки;
- повреда на Политиката против поткуп;
- повреда на правилата и процедурите на ССП;
- заобиколување на воспоставените контроли;
- неевидентирани подароци, гостопримства или донации;
- одмазда преземена против пријавувач;
- слабости во антикорупциските контроли;
- други дејствија кои можат да создадат ризик од поткуп.

Лицето кое пријавува треба да ја поднесе пријавата со добра намера и врз основа на разумно уверување дека постои или може да постои неправилност. Не е потребно лицето да ја докажува добрата намера. Од лицето не може да се бара да достави докази во поткрепа на пријавата.

**Политика за нулта толеранција кон поткуп**
Министерството применува политика на нулта толеранција кон поткуп.
Раководството активно ги охрабрува сите вработени и деловни партнери да пријавуваат сомневање за поткуп, корупција и други неправилности без страв од негативни последици.
Пријавувањето на сомневање за поткуп се смета за придонес кон заштита на јавниот интерес и интегритетот на институцијата.

**Канали за пријавување**
Пријавувањето може да се изврши лично, писмено или електронски преку:

Овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување (член 3 од Упатството);

Овластеното лице врши прием, заведување и архивирање на пријавата, проценка на содржината известување до министерот, проследување до службеното лице во министерството, односно надлежна институција, изготвување на известување на подносителот на пријавата, архивирање;

Во посебно инсталирано сандаче; или

Во електронското сандаче:
**prijavi.neregularnosti@mdt.gov.mk**

**Дигитална платформа**
Министерството воспоставува електронска платформа која овозможува:

- анонимно пријавување;
- прикачување документи;
- комуникација со пријавувачот преку заштитен код;
- следење на статусот на пријавата.

**Надворешно пријавување**
Лицето има право да ја пријави неправилноста и до надлежни институции согласно Законот за заштита на укажувачите.

**Анонимно пријавување**
Министерството овозможува анонимно пријавување. Анонимните пријави се разгледуваат доколку содржат доволно информации за постапување. Фактот што пријавата е анонимна не претставува причина за нејзино отфрлање.

**Доверливост**
Сите податоци поврзани со пријавувачот се третираат како доверливи.
Идентитетот на пријавувачот не смее да биде откриен без негова согласност освен во случаи предвидени со закон.

**Заштита од одмазда**
Забранета е каква било форма на:

- притисок;
- заплашување;
- дискриминација;
- деградирање;
- мобинг;
- закана;
- отпуштање;
- друга неповолна последица поради поднесена пријава.

Секој обид за одмазда претставува сериозно прекршување на оваа Процедура и може да биде основ за дисциплинска постапка.

**Советување**
Секој вработен има право доверливо да побара совет од Лицето за интегритет во ситуации кои можат да вклучуваат:

- поткуп;
- судир на интереси;
- подароци и гостопримства;
- донации и спонзорства;
- односи со добавувачи;
- други ризици по интегритетот.

Барањето совет нема да се смета за пријава. Советот не се смета за задолжителен во случај на една идна постапка.

**Постапување по пријава**
Овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување врши:

- прием, заведување и архивирање на пријавата;
- врши почетна проценка на содржината;
- го известува министерот;
- ја проследува пријавата до службеното лице во министерството кое е надлежно за постапување во областа по која се однесува пријавата и за изготвување на извештај за преземените мерки или до надлежната институција;
- предлага натамошно постапување;
- обезбедува доверливост;
- го следи постапувањето по предметот;
- обезбедува повратна информација до пријавувачот.

**Анализа и подобрување**
Овластеното лице најмалку еднаш годишно врши анализа на:

- бројот на пријави;
- видот на пријавите;
- ризичните области;
- повторливите слабости;
- преземените мерки;
- потребите од дополнителни контроли.

Резултатите од анализата се користат за подобрување на ССП и намалување на ризиците од поткуп.

**Обука и подигање на свеста**

Сите вработени редовно се информираат за:

- начинот на пријавување;
- нивните права;
- достапните канали;
- заштитата која им се обезбедува;
- обврските од ССП

Министерството обезбедува периодични обуки за спречување на поткуп и пријавување на неправилности самостојно или во соработка со ДКСК.